ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА МЕДИУМИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ „МЕДИУМ“

ИЗВЕШТАЈ

од проценка на капацитетите на граѓанските организации и медиумите

Гостивар, Февруари 2017

Стручно лице

Џелал Незири

British Embassy Skopje

Центар за управување со промени

Институт за човекови права

I. ВОВЕД

Со децентрализирањето на власта, единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) добија поголеми ингеренции а со тоа и поголем буџет за менаџирање.[1] Со ова се зголемија можмостите за злоупотреба на тие ингеренции за сопствена придобивка. Ова појава е дефинирана како корупција, при што подразбира искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг.[2]

Поширокатa дефиниција на корупцијата подразбира распаѓање на системот на донесување одлуки; лошо работење; незаконски активности превземени од луѓе кои имаат некаква власт; неспроведување закони, одлуки, правилници, конвенции; неморал; мобинг...[3]

Паралелно со децентрализацијата власта се децентрализираше и корупцијата како негативна појава. Заради тоа, се појавува потребата

[1] http://agtis.org.mk/data/uploads/pdf/proces-na-decentralizacija.pdf
[2] Закон за спречување на корупцијата во РМ, Член1-а: http://www.finance.gov.mk/files/u10/a_sprecuvanje_na_korupcijata_precisten_tekst.pdf
[3] http://www.corruptie.org/en/corruption/what-is-corruption/

за посериозно наблудување на работењето на ЕЛС од страна на невладините организации (НВО), новинарите и медиумите.

Поголемиот притисок кон ЕЛС за отчетност и транспаретност како и за добро управување со јавниот имот и средства, подразбира и познавање на средствата и текниките на истражување, мониторирање и известување за коруптивните активности на локалната власт. Клучна улога во овој процес имаат новинарите, медиумите и НВО секторот, особено оние коиделуваат на локално или регионално ниво.

II. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

За проценка на капацитетите на граѓанските организации и медиумите од проектните градови Гостивар, Тетово и Кичево беше направено истражување, при што како методи се користени анкетата и интервјуто.

Примерокот го сочинуваа вкупно 14 организации и медиуми, кои се најактивни и највлијателни во проектните региони.

Анкетниот прашалник ги таргетираше претставниците од невладините организации и вработени во медиумите, т.е новинарската фела од проектните општини.

Прашалниците беа составени од два дела, прашањата од 1 до 6 се одговараа со означување на поле (затворени), додека пак прашањата

од 7 до 15 беа отворени - наменети за описен одговор опфаќајќи ги ставовите и мислењата на испитаниците.

III. РЕЗУЛТАТИ

Резултатите на ова истражување ја потврдија хипотезата врз која се заснова проектот – медиумите, организациите и новинарите на локално ниво недоволно ја наблудуваат, истражуваат и известуваат за корупцијата на локално ниво.

На прашањето „ Колку вашата организација/медиум е запознаен со формите на корупција?“, осум од испитаните одговориле со „делумно“, еден со „воопшто не“ и пет со „доволно“.

На прашањето „ Сметате ли дека тимот е запознаен со механизмите и институциите за заштита од корупција (во вашата општина или пошироко)?“, девет одговориле со „делумно“, три со „воопшто не“ додека две со „доволно“.



На прашањето „ Дали досега сте поставувале прашања до институциите користејќи го Законот за слободен пристап до

информации од јавен карактер?“, шест од анкетираните одговориле со „воопшто не“, седум со „делумно“ додека само еден одговорил дека доволно го користи законот.



Освен Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, медиумите и невладините организации на локално ниво многу ретко ги користат и услугите на Централниот регистар на Република Македонија (ЦРМ). Така, на прашањето „4. Дали сте ги користеле услугите на Централен Регистар на РМ за да дознаете кој е сопственик на одредена компанија која работи на проекти доделени или добиени од локалната власт, нејзините финансиски извештаи, годишни сметки итн?“, единаесет одговориле со „воопшто не“, додека три одговориле дека делумно ја користат ова база на податоци.



На прашањето „ Колку вашата организација/медиум поседува капацитет за делување во областа на анти-корупцијата?“, десет одговориле со „делумно“, три со „воопшто не“ додека еден со „доволно“.



На прашањето „ Колку постоечките граѓански организации/медиуми во вашата општина имаат капацитет (финансиски, институционален, човечки и слично) да работат на полето на анти-корупција?“, десет одговориле со „делумно“, четири со „воопшто не“ додека ниту еден од испитаниците не мислат дека имаат доволен капацитет.



Генерално, сите анкетирани имаат престава за поимот корупција, давајќи коректни дефиниции за ова појава. Една од испитаните организации корупцијата ја дефинира како „ трошење на народните пари со цел збогатување на мала група на луѓе а не подобрување на состојбата во заедницата, односно активности во кои се крадат народни пари.“.

Поголемиот дел од испитаните организации и медиуми не ги следат јавните набавки на општините или пак не истражувале конкретна коруптивна активност во институциите на ЕЛС.

Сите анктериани се согласни дека НВО секторот и невладините имаат значајна улога за борбата против корупцијата на локално ниво.

„Невладините организации и медиумите имаат значителен допринос, но сепак треба да имаат многу поголем импакт во подобрување на генералната слика.“

Поголема транпаретност на општините, усовршување на невладините организации и медиумите во следење и известување за корупцијата, конкретни долгорочни проекти и поддршка на новинарите и НВО, како и поопширна кампања против корупцијата се главните елементи кои анкетираните ги наведуваат како предуслов за поефикасна борба против корупцијата на локално или регионално ниво.

„Организациите да имат поголеми и долгорочни проекти за кои ќе се специфицираат но и ќе работат со локалните организации т.е. поедноставен и поприфатлив пристап од долу нагоре и употреба на креативни маркетинг кампањи за мотивирање на граѓаните да пријавуваат корупција.“, се вели во еден одговор од невладина организација

Друга невладина како механизми ги наведува „градење на сериозен систем на транспарентност и контрола, Јасни и концизни закони, но и спроведливи механизми и алатки за транспрентност и отчетност.“

Сите испитани невладини организации и медиуми се подготвени да учествуваат на обуки и тренинзи во правец на зајакнување на нивните капацитети за мониторирање, истражување и известување за корупцијата, како алатка за борба против истата.

IV. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Повеќето од испитаниците се изјаснија дека граѓанските организации во кои членуваат или пак медиумите во кои работат не се доволно запознаени со механизмите и институциите за заштита од корупција, се разбира со ретки исклучоци.

Поголемиот дел од нив не се обратиле до институциите за информација, користејќи го Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер. Исто така, локалните или регионалните медиуми и невладини организации не користеле доволно услуги на Централниот Регистар на РМ за да дознаат некои информации за одредена компанија.

Новинарите, медиумите и НВО секторот на локално или регионално ниво поседуваат мал капацитет за делување во областа на анти – корупцијата, кој не е доволен за поквалитетно мониторирање и истражување на работата на ЕЛС.

Според наодите добиени од истражувањето, потребно е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и медиумите за делување во областа на анти – корупцијата.

Генерално заклучокот алудира на тоа дека улогата на граѓанските организации и медиуми во борбата против корупцијата е мал, меѓутоа светла точка е тоа дека се поголем број на невладини организации активно се залагаат за борба против корупцијата.

Воедно, мора да се поработи и на подигнување на свеста на локалното население да ги препознаат формите и случаите на корупција, да се ослободат од стегите и истите да ги пријавуваат.